# ПОВИК ЗА ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЕКТОТ „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА“

Во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ се распишува повик до сите основни и средни училишта за вклучување во активностите на проектот.

## ЗА ПРОЕКТОТ:

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци, го спроведува проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во периодот септември 2023 – август 2026 година.

Цел на проектот:
„Придонес кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина во рамките на 26 основни и 24 средни училишта“.

Очекувани резултати:

[1] Подобрена имплементација на законските одредби за ученичко учество во процесите на донесување одлуки и заштита на децата;
[2] Зајакнати капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство;
[3] Примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички

Проектот ќе се спроведува во соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат и Министерството за труд и социјална политика.

## КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПРИЈАВИ:

На повикот може да се пријават сите општински основни и средни училишта, вклучително и средните училишта при Град Скопје.

Со повикот ќе се селектираат 13 основни  и 12 средни училишта со кои ќе се потпишат Договори за соработка за периодот октомври 2023 – август 2026 година.

## ШТО ВКЛУЧУВА ПРОЕКТОТ:

- Вебинари за воспитно-образовниот и раководниот кадар на основните и средните училишта, како и претставници од Локалните Самоуправи, за законските обврски за механизмите за ученичко учество и заштита од сите форми на насилство врз децата
- Онлајн тренинг курс за училишниот персонал за превенција и справување со насилство врз деца преку ЕДУИНО платформата
- Обуки за претставници на стручните служби за вклучување на родителите во превенција и спречување на насилство врз децата и врсничка едукација
- Менторска поддршка за подобра функционалност на ученичките парламенти и ученичките правобранители
- Финансиска поддршка на ученички проекти за заштита и превенција од насилство врз деца во сите проектни училишта во текот на 3-учебни години (до 30.000 денари во секоја учебна година)
- Развивање и пристап до дигитална база со едукативни ресурси за ученичко учество и заштита од насилство врз деца преку ЕДУИНО платформа наменета за ученици и воспитно-образовен кадар.
- Поддршка на училиштата во развивање на Политика за заштита на деца – врз основа на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (издадено од Министерство за образование и наука)
- Развој на дигитални едукативни ресурси за воспитно-образовниот кадар за препознавање, спречување и справување со насилство врз деца, детски права во образовниот процес, како и еднакви можности за учениците и ученичките, достапни преку ЕДУИНО
- Развој и примена на онлајн тренинг курс за користење на дигитални алатки за поддршка на ученичкото учество и заштита од насилство врз деца во редовната настава; вклучително и сертификација на наставници за применето знаење
- Подготовка на Водич за улогата на родителите во превенција и спречување на насилство во училиштата
- Спроведување на кампањи против насилство вклучувајќи ученици и родители
- Поддршка / фасилитирање на состаноци со родители и советување
- Развој на капацитетите на учениците за препознавање, превенција и заштита од насилство преку спроведување на врсничка едукација и нивно поголемо вклучување
- Можност за учество на Интеркултурни размени за ученици и наставен кадар во Детското Село Песталоци, во Троген – Швајцарија.

Воспитно-образовниот кадар, стручните соработници и раководниот персонал на училиштата кои ќе бидат вклучени во обуките ќе добијат сертификати за стекнато и/или применето знаење верификувани од Бирото за развој на образование.

## ОЧЕКУВАЊА ОД ИЗБРАНИТЕ ПАРТНЕРСКИ УЧИЛИШТА:

По изборот и воспоставеното партнерство, училиштата потребно е да поттикнат и обезбедат активно учество на сите чинители во училиштето (училишното раководство, стручната служба, наставниот кадар, родители и ученици) во планирање, спроведување и евалуација на проектните активности. Подолу поконкретно се наведени главните очекувања и обврски на избраните партнерски училишта:

- Учество на Работна Средба за вмрежување помеѓу сите училишта, претставници на Локални Самоуправи и персонал на проектот
- Номинација на Училишен Тим за проектот составен од стручни соработници и наставен кадар
- Учество на директорите на училиштата на Вебинар за законските обврски во однос на ученичкото учество и заштита од насилство врз децата
- Учество на стручни соработници и наставници на Вебинари за препознавање и заштита од различни форми на насилство врз децата
- Учество на стручни соработници, наставен кадар и ученици за креирање на едукативни материјали за ЕДУИНО
- Обезбедување поддршка за локалните координатори на проектот при одржување на менторски работилници со ученички парламенти и ученички правобранители
- Поддршка на ученичките парламенти и ученичките правобранители при развивање и спроведување ученички проекти (во насока на подобрување на Училишната Клима)
- Учество на Онлајн Обука за стручни соработници и наставници  за превенција и справување со насилство врз децата (најмногу 5 лица по училиште)
- Номинација на училишна работна група за развивање Политика за заштита на децата (врз основа на позитивната законска регулатива) со 20 претставници на училиштето и активно учество на 2 работилници за подготовка
- Дисеминација на развиената Политика за заштита на децата до сите чинители во училиштето (работилници, поставување на постери, флаери)
- Обука за стручни соработници за вклучување на родители и Совети на родители во активности за заштита од насилство врз децата, како и за врсничка едукација на ученици
- Поддршка при спроведување на врсничка едукација за последиците од сите форми на насилство врз децата
- Организирање на тематски средби со родители од страна на стручните соработници поврзани со заштита од насилство врз децата, промовирајќи Прирачник за родители (развиен со проектот)
- Учество на најмногу 5 наставници по училиште на онлајн обука за примена на дигитални алатки (основно и напредно ниво) за поддршка на наставните и вон-наставните активности (поврзани со учеството и заштитата на децата)
- Дисеминација, т.е. хоризонтално учење и мултиплицирање на стекнатите знаења и примена на развиените ресурси од активностите во училиштето
- Обезбедување услови и поддршка за мерење на постигнувањата на проектните резултати

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР:

**Изборот на основни и средни училишта за вклученост во проектот, ќе се врши врз основа на следните критериуми:**

[1] Степен на потреба на училиштето за унапредување на практики за заштита од насилство врз децата
[2] Степен на потреба за унапредување на функционирањето на механизмите за ученичко учество
[3] Степен на потреба за јакнење на институционалните капацитети на училиштето

Со повикот се поттикнуваат училишта кои се лоцирани во рурални средини, како и училишта со помало искуство во вклучување во проекти, особено во проекти за заштита од насилство врз деца и ученичко учество.

Евалуацијата на пријавите и изборот на училишта ќе го врши Комисија формирана од спроведувачите на проектот. При изборот на училишта, ќе се земе предвид рамномерната регионална покриеност.

## НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ:

Сите заинтересирани основни и средни училишта може да се пријават на електронски начин за вклучување во проектот со пополнување на Пријава за вклучување на училишта во проектот. Заедно со пополнетата пријава, потребно е да се приложи Писмо за Потврда за пријава на училиштето и Писмо за поддршка од Општината.

[1] Пријава за основни училишта
[2] Пријава за средни училишта
[3] Образец - Писмо за Потврда за пријава на училиштето
[4] Образец - Писмо за поддршка од Општината

## КРАЕН РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:

Крајниот рок за пријавување за вклучување во проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ е: **24 октомври 2023 година, до 23:59 часот**

Заинтересираните училишта може да испратат прашања поврзани со повикот најдоцна до 18 октомври 2023 година на sega@sega.org.mk.